број 5, 2025

# ИСКРА

*весник на осудените лица*




Напиши песна. Нацртај слика.
Раскажи ја твојата приказна.

Осуденичкиот весник „Искра“ е периодично списание и е изготвуван од страна на вработени во затворските установи, во соработка со лица кои издржуваат затворска казна во нашата држава. Весникот е наменет за осудените лица и веруваме дека ќе стане активен двигател на процесот на ресоцијализација.

**Автор и уредник:**

М-р Александар Ковилоски (сектор за ресоцијализација во КПД Идризово)






**В. Д. директор на КПД Идризово:**

М-р Зоран Јовановски

**Својот придонес во овој број го дадоа:**

⊕ (осудено лице во женскиот дел од КПД Идризово)

Осуденички од женскиот дел на КПД Идризово

С.Н. (осудено лице во КПД Идризово)

М. М. (осудено лице во КПД Идризово)

Д. Т. (осудено лице во КПД Идризово)

Ч. Д. (осудено лице во КПД Идризово)

Л. Б. (осудено лице во КПД Идризово)

**Техничка обработка:**

Александар Ковилоски (сектор за ресоцијализација во КПД Идризово)

**Првиот број од весникот излезе во 2019 година.**

# СОДРЖИНА НА БРОЈОТ:





Ако (поезија) ..... 4

Време ќе помине (проза) ..... 5

Културни настани во КПД Идризово ..... 7

Рецепт: Солени мафини ..... 8

Јас Деница (проза)..... 11

Затворско инфо: Здравствена заштита на осудените лица ..... 12

Тони Зен и Таско во КПД Идризово ..... 16

Стрип катче ..... 18

Изложба на артефакти од КПД Идризово ..... 19

Затворски ракописи: После оваа казна затвор ..... 23

КПД Идризово на Европско првенство во шах за осудени лица ..... 24

Затворски ракописи: Човек ..... 26

Поп-ап продажба на разни изработки создадени во КПД Идризово ..... 28

Nëse (поезија) ..... 29

Koha do kalojé (проза) ..... 30

Забавен тест за личноста (3)..... 31

Многу вистина во една реченица ..... 33

# АКО...

Ако има слобода дали има и слободна мисла

Ако има правда дали има и правдина

Ако има искреност дали има вистина

Ако има вистина дали има љубов

Ако има љубов дали има живот

Ако има живот дали има бескрајност

Ако има бескрајност дали има совршенство

Ако има совршенство тоа сме ние самите

со нашите мисли и надежи

и тогаш наш е целиот свет.

**С. Н.**



# Време ќе помине

Ноември е. Есен е. Ден по ден си одат. Си оди полека оваа досадна 2020та. Тешка. Затворена. Неомилена.

Попладне е. По некој сончев зрак сеуште се прикрадува низ облаците. Решив да прошетам низ затворскиот двор. Иако не е идиличен, сепак тој е единственото место каде можам да бидам сама. Од околните соби се слушаше музика. Одеднаш одекнаа акордите на мојата омилена песна „... души ќе прозборат, некој ќе дознае, каде погрешивме...“.

Седнав на старата клупа и одлутав со мислите назад во минатото. Препознавав слики, мигови, ликови, разговори и една проклето заразна насмевка. Твојата. Онаа која секој ден се повеќе и повеќе ми недостасува. Твојата. Никогаш не ме осуди за тоа што сум тука затворена, напротив ми беше утеха и поддршка. Беше мојот ветер во грбот. И сите суперлативи се малку за да те опишам. Ти благодарам што постоиш. Ти благодарам за секој миг, збор, за секоја мисла, за сé. Едноставно ти благодарам за сите идни планови, идеи и желби. Бескрајно благодарам! Време ќе помине...

⊕

# *Храна за духот*

Целта на дискусијата не треба да е победа на едниот дискутант, туку треба да е прогрес.




Ти секогаш стануваш она со кое го храниш мозокот.






Кога прашале некој старец „што е заедничко кај сите луѓе во светот?“, тој одговорил:

„Тоа што мислат дека детството им е досадно па сакаат да пораснат, за потоа повторно да сакаат да бидат деца. Тоа што како млади го трошат здравјето да стекнат пари, а потоа ги трошат парите да си го вратат здравјето. Заедничко им е тоа што живеат како никогаш да не ќе умрат, а потоа умираат како никогаш да не живееле“.



# КУЛТУРНИ НАСТАНИ ВО КПД ИДРИЗОВО



Во текот на оваа година во женското одделение на нашиот затвор гостуваа популарниот стенд-ап комичар Никола Тодороски, а веднаш по него и членовите на Театар „Чекори“.







Сметаме дека отворањето на нови видици на осудените лица е потребен момент во процесот на нивна ресоцијализација и континуирано го правиме тоа.

# *Рецепт:*

## СОЛЕНИ МАФИНИ

Потребни состојки

- 2 јајца
- малку сол

  Јајцата и солта се разматуваат со виљушка. На тоа се додава:
- 1 чашка јогурт
- ½ филџан масло
- 10 лажички брашно
- 1 пециво

По желба се додава сирење... Калапите се намастуваат и се полни 1/3 од нив со смесата. Се печат 15 минути на 180 степени.

И да, мафините се прават толку лесно што може и маж да ги направи ☺





*Солени мафини од женското оддeление на КПД Идризово.*

# ДАЛИ СТЕ ЗНАЕЛЕ ДЕКА...



<u>Има делови од планетава на кои има помалку гравитација од останатиот дел.</u>

Гравитацијата на планетава е нерамномерно распределена поради нејзината нерамномерна форма. Замисли си, со своите 100 кила полесно да можеш да чекориш по планетава.



<u>Во античките времиња пајаковата мрежа била користени како завој.</u>

Во старите Грција и Рим, докторите сметале дека пајаковата мрежа е природен антисептик и содржи витамин К, кој ќе ги одржи раните чисти и ќе ги превенира инфекциите.



**¼ од сите човечки коски се лоцирани во стапалата.**

Во секое стапало има по 26 коски. Тоа се 52 коски од вкупно 206 коски во телото на човекот, што е повеќе од 25%. И тоа не е толку чудно кога ќе сфатиш дека твоите стапала го држат твоето тело исправено.



**Очилата за сонце првично биле дизајнирани за кинеските судии, со цел да ги скријат нивните реакции во судницата.**

Така барем велат. Денес служат за заштита на очите од светлината на сонцето. А денес, најмногу ги користат како моден додаток.



**Генетски, децата од идентични близнаци не се братучеди, туку браќа.**

Тие делат 25% од нивната ДНК, наместо вообичаените 12,5%. Така, иако од правен аспект тие се братучеди, генетски тие братучеди СЕ БРАЌА.

# Јас Деница

*„Нема ништо полично од болката,*
*нема ништо почујно од тишината, и*
*нема ништо посјајно од темнината...“*

Бев дете кога ги прочитав овие зборови на натписот кој стоеше на карпата таму горе на Матка. Натписот беше во спомен на некој млад настрадан алпинист. Бев дете и не обрнував внимание на значењето на тие зборови. Мислев се однесуваат на некој што не го познавам и нема потреба да мислам на нив. Ги заборавив.

Но, кога се случи сé и завршив овде зборовите ми одекнаа во мислите. Колку сам има вистина во нив. Болката која ја нанесов на моето семејство, болката со која се жигосав, за животот цел е моја лична. Во неа сé е мое. Залудни се сите мои насмевки. И тогаш кога ја имам најискрената насмевка на моето лице, тогаш најмногу боли. Боли тоа што таа насмевка не е упатена кон моите драги. Боли што не можам да ги видам, да ги прегрнам и да се исплачам во нивните прегратки. Боли кога ќе видам дека на својата мајка и задавам грижи кои и да не ги сподели со мене знам дека ги има. Доказ е белиот венец на нејзината коса. Колку и да се труди секојпат да го сокрие. Од секој викенд или посета ме испраќа со најубавата прегратка, а во себе знам дека ако се завртам ќе и ги видам солзите во очите. Затоа, секое наше збогување завршува со „чувај се, уште малку остана“.

И потоа се соочувам со темнината. И во најсјајното утро, овде зад решетки е темнина. Колку и да ја отстранувам и да ја игнорирам тука е, присутна е. Притиска од сите страни. Упорна е да ме прекрие. Се спротивставувам со цело битие. Решена сум да не и дозволам да ме засени. Да бидам Деница. Уште малку остана...

И потоа се соочувам со тишината. Таму сум своја. Колку е погласна, толку повеќе ја сакам. Ролокостерот од мисли е најактивен токму во тишината. Планови, идеи, мисли, иднина. Сé е вткаено тука. Во тишината. Моја е. Нејзина сум. Јас Деница.

Ѳ

ЗАТВОРСКО ИНФО

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА



**Согласно Законот за Извршување на Санкциите (членови 182 - 192), на осудените лица им е загарантирано правото на здравствена заштита. Во КПД Идризово постои посебно амбулантно одделение кое е задолжено за работа со осудениците. Вработените во ова одделение се дел од Министерството за здравство. Во прилог ви го објаснуваме начинот на работа во т.н. „домска амбуланта“.**

На секое осудено лице во рок од 24 часа по приемот во установата се врши задолжителен медицински преглед, во кој се забележуваат сите параметри од здравствената состојба на осудениот. Исто како и „надвор“, и овде се отвора здравствен картон во кој ќе се забележуваат сите промени на неговата здравствена состојба. Установата располага со лекови кои се бесплатни за лицата кои издржуваат затворска казна. Останатите специфични лекови кои им се потребни за одржување на здравјето можат да ги набават (преку семејството а со дозвола од медицинскиот персонал од затворот) и да ги внесат во установата за лична употреба.

Во текот на издржувањето на затворската казна, докторот според степенот на итност ги повикува осудените лица на преглед. Се разбира, итните случаи кои не можат да чекаат до утрешниот ден веднаш се спроведуваат од страна на службата за обезбедување. Одделението располага со метадонски центар, превијалиште, амбулантно одделение за прегледи, стоматолошка ординација, а поседува и солиден број на медицински реквизити и инструменти за реализација на основните медицински постапки.




*Метадонскиот центар во КПД „Идризово“*

Во КПД „Идризово“ за потребите на зависниците од дрога постои метадонски центар. Опслужувањето на овие осудени лица е на дневна основа и се спроведува исклучиво под надзор на службено лице од секторот за обезбедување. Амбулантното одделение секојдневно контактира со центрите „од надвор“, со цел на осудените лица да им биде овозможена непрекината терапија по нивното ослободување.

Стоматолошката ординација е место каде се вршат најосновните зафати. Работи секојдневно и иако не е опремено со најсовремени инструменти, сепак врши работа. Покомплицираните операции кои можат да го нарушат здравјето на осуденото лице се вршат во надворешни установи, по претходно одобрение од страна на затворската управа.







[redacted]

**Член 182 став 1 од Законот за Извршување на Санкциите:**

На осудените лица им се гарантира правото на здравствена заштита и им се обезбедува потребната медицинска помош и болничко лекување според прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување.

ПОЈАСНУВАЊЕ НА „ПРЕКИНОТ“

Прекин на издржување на казната затвор претставува привремено отпуштање на осуденото лице од установата. Прекин поради сериозно нарушена здравствена состојба, односно лекување, може да побара осуденото лице, но и директорот на установата. Оваа активност е правно регулирана со Законот за извршување на санкциите (членови 224 - 227). Врз основа на мислење на здравствениот работник, медицинска документација и мислење на надлежен јавен обвинител, судијата за извршување на санкции со решение може да го прекине издржувањето на казната до 90 дена, поради лекување, кога не постојат услови лекувањето да се спроведе во установата, а постои и можност установата да го упати во соодветна здравствена установа. Осуденото лице на кое му е овозможен прекин е должно секој месец да доставува медицинска документација до судијата за извршување на санкциите за неговата здравствена состојба. Ако по истекот на времето на прекинот на казна поради лекување сеуште има потреба од лекување, осуденото лице може да побара продолжување на прекинот. Прекин на казната може да одобри и директорот на Управата за извршување на санкциите, во траење до 30 дена. Времето поминато на прекин не се смета во издржаната казна.



Како и во секоја друга институција, проблеми се појавуваат и овде и сметаме дека треба истите да се наведат со цел да се направат обиди за нивно решавање. Вработените медицински лица посочуваат на недостатокот на медицински персонал кој дополнително би се вклучил во обезбедувањето на квалитетни услуги на осудениците. Тоа е и причината поради која не можат да постигнат да ги извршат сите дневни планирани активности со осудените лица, а дополнително објаснуваат дека и соработката и разбирањето помеѓу службите треба да се крене на повисок степен со цел да не дојде до застој во работата. Поради тоа, поплаки има и од страна на осудени лица кои објаснуваат дека не можат да стигнат до лекарски преглед иако имаат потреба за тоа.






# ТОНИ ЗЕН И ТАСКО

# ВО КПД ИДРИЗОВО






На 2 септември во Полуотвореното одделение свој перформанс имаа НЕКОЛКУ ОСУДЕНИ ЛИЦА, кои беа придружувани од популарните музички артисти Тони Зен и Таско.



Изразуваме посебна благодарност кон културните работници кои чувството за општествена одговорност го покажуваат на овој начин. Истовремено ги охрабруваме оние кои сакаат да земат учество во нашите проекти, да не се двоумат и да одговорат позитивно на овој наш повик.


БАЧЕВ ЛАЗАР.


БАЧЕВ ЛАЗАР

СТРИП КАТЧЕ




*Цртежи од:*

*Д. Т.*



# Изложба на артефакти од КПД „Идризово“

На 4 јуни со почеток од 18 часот во Домот на култура „Кочо Рацин“ во центарот на Скопје одржавме изложба на уметнички дела стари и повеќе од 40 години, создадени од осудени лица. Изложбата беше поставена под насловот „Арте-факти од КПД Идризово“.










На изложбата беа поставени исклучително квалитетни резби, уметнички слики во различни димензии, осуденички весници, досега необјавени автобиографии и исповеди на осуденици, и други елементи од кои е составена богатата историја на затворот, а кои досега беа заборавени некаде низ ходниците и магацините на установата.



Еднодневната изложба беше посетена од голем број на заинтересирани лица „од надвор“, но до нас исто така беа проследени голем број барања изложбата да се повтори за оние кои не биле во можност да ја посетат...




... што за нас претставува обврска истата повторно да ја реализираме.

# ХУМОР ОД СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ




Нормално дека би прашал нешто, ама ова е 2020 година така што ќе си продолжам да возам.









КОГА РАБОТАМ САМ
КОГА НЕКОЈ МЕ ГЛЕДА
pan!ka.be
www.panika.be


Кажа кажа...!!!
Кажа!!!
Лажеш! Никогаш не сум кажал такво нешто!
pan!ka.be
www.panika.be


Ми требаа два саати
ама затоа сега сјае...
pan!ka.be
www.panika.be


КОГА И ДВАЈЦАТА СТЕ СРАМЕЖЛИВИ
pan!ka.be
www.panika.be

# ПОСЛЕ ОВАА КАЗНА ЗАТВОР



ЗАТВОРСКИ

РАКОПИСИ

Навистина ме плаши од тоа што го гледам и слушам од други осуденици што доаѓаат како повратници со монтирани т.е. наместени кривични дела...

Јас сум решен веќе никогаш да не се вмешам во криминалот во оваа наша држава бидејќи многу тешко се наоѓа правда. Излежав две помали казни, но оваа казна ми е многу подолга и многу потешка! Се надевам дека оваа трета казна ќе ми е последна!

Годините летаат како рој чавки секое утро врз кровот на затворот, течат како капките во олуците од дождот, тече дејствието на светот, ајас лежам во кревет и не можам да сфатам колку евтино си ја продадов младоста и голем дел од мојот век! Многу е потешко кога човек учи лично од своите грешки. После седум години сфаќам дека затворот е ајкула која ги каса годините...

Имам голема поддршка од моето семејство, а и пошироко така да сигурен сум дека ќе го фатам последниот воз во мојот живот. Имам 29 години, а работен стаж ниту еден ден, навистина ми е многу тешко кога ќе седнам и се потсетам кој и каков човек сум бил, но тоа е само минато и стар кошмар, а во иднина ќе почнам се одново и од нула ќе си изградам нов свет во мојот живот.

**М. М.**

# КПД „Идризово“ на Европско првенство во шах за осудени лица

На 20 мај во организација на Светската шаховска федерација (ФИДЕ) се одржа Европското првенство во шах за осудени лица, на кое за првпат учество зема КПД „Идризово“. За таа цел претходно во затворот се организираа натпревари од кои најдобропласираните 4 осуденици учествуваа на Првенството.








Нашите натпреварувачи одиграа 7 кола од кои на 3 остварија победа, на 3 изгубија и на 1 одиграа реми. Секое коло се играше 4 против 4, и победникот го одлучуваше подобриот во севкупниот збир на поени од колото.

Од 24 репрезентации Македонија се пласираше во горниот дел на табелата и го освои 12 место. Честитки за натпреварувачите.

## Final Ranking after 7 Rounds

| Rk. | SNo | Team | Games | + | = | - | TB1 | TB2 | TB3 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 18 | SERBIA 1 | 7 | 6 | 0 | 1 | 12 | 23,5 | 146,5 |
| 2 | 1 | ARMENIA | 7 | 5 | 1 | 1 | 11 | 21 | 150 |
| 3 | 23 | UKRAINE (W) | 7 | 4 | 2 | 1 | 10 | 19 | 104 |
| 4 | 19 | SERBIA 2 | 7 | 4 | 2 | 1 | 10 | 17 | 114 |
| 5 | 2 | CROATIA | 7 | 4 | 1 | 2 | 9 | 18,5 | 114 |
| 6 | 10 | ITALY 1 | 7 | 3 | 3 | 1 | 9 | 16 | 86 |
| 7 | 21 | SPAIN | 7 | 3 | 2 | 2 | 8 | 16 | 101 |
| 8 | 12 | LATVIA | 7 | 4 | 0 | 3 | 8 | 15 | 95 |
| 9 | 4 | ENGLAND | 7 | 3 | 2 | 2 | 8 | 14,5 | 107 |
| 10 | 17 | NORWAY | 7 | 3 | 2 | 2 | 8 | 14,5 | 79 |
| 11 | 15 | NETHERLANDS | 7 | 3 | 1 | 3 | 7 | 15 | 96 |
| 12 | 16 | NORTH MACEDONIA | 7 | 3 | 1 | 3 | 7 | 15 | 69 |
| 13 | 22 | UKRAINE | 7 | 3 | 1 | 3 | 7 | 14,5 | 88,5 |
| 14 | 5 | ENGLAND (Y) | 6 | 3 | 1 | 2 | 7 | 12 | 49 |
| 15 | 3 | CZECH REPUBLIC | 7 | 1 | 4 | 2 | 6 | 14,5 | 70,5 |
| 16 | 6 | GERMANY | 7 | 2 | 2 | 3 | 6 | 14 | 58 |
| 17 | 24 | UKRAINE (Y) | 7 | 2 | 2 | 3 | 6 | 13,5 | 49 |
| 18 | 8 | ICELAND | 7 | 2 | 2 | 3 | 6 | 11,5 | 65 |
| 19 | 9 | IRELAND | 7 | 2 | 1 | 4 | 5 | 10,5 | 49,5 |
| 20 | 11 | ITALY 2 | 7 | 2 | 1 | 4 | 5 | 10,5 | 39,5 |
| 21 | 14 | LATVIA (Y) | 7 | 2 | 0 | 5 | 4 | 9 | 17 |
| 22 | 13 | LATVIA (W) | 7 | 2 | 0 | 5 | 4 | 7,5 | 22 |
| 23 | 7 | GREECE | 7 | 1 | 1 | 5 | 3 | 7 | 27 |
| 24 | 20 | SLOVENIA (W) | 6 | 0 | 0 | 6 | 1 | 4,5 | 10 |

# ЧОВЕК



Живееме и поставуваме секакви прашања а вообичаено дали вреди да се размислува за смислата на животот, као се размислува, кога се размислува, колку се размислува, зошто се размислува и се разбира – колку го разбираме сето тоа. А разбирањето е за кој како, тоа е наше секојдневие каде и да сме.

Дали размислувањето за нашето секојдневие и смислата на животот можеме да го ограничиме и кога сме ограничени, затворени, изолирани. Едноставно не, зашто забраната е само физичка ама остануваат бескрајните слободни мисли, бескрајните идеи, бескрајните надежи и беспрекорната посветеност на нашето битие, нашето јас, нашата слобода на нашите мисли кои не водат насекаде, длабоко во вселената, во непознатото, невозможното.

Основно е само да сакаме и да ги вклучиме мислите во патувањето, во враќањето назад со позитивно ангажирано размислување каде сум, каде одам, што очекувам, што ме чека, што е наша предодредена судбина, дали ја знаеме, дали ја знаеме, дали ја предизвикуваме, дали мислиме едно а посакуваме друго, дали сакаме едно а добиваме друго и сé така по ред до бескрај заборавајќи дека најмудро е да не прашуваме „зошто“, зошто баш јас, бидејќи ние длабоко во себе си го знаеме одговорот ама не секогаш сме спремни да ја прифатиме вистината и да ја прифатиме наметнатата состојба и ситуација во која се доведуваме намерно или не.

Тогаш е спремноста за размислувањето, за смислата на животот во најнепогодните услови и најранливите состојби ама баш за нас најпредивикувачки мигови на борбата за опстанок и продолжуваме понатаму и покрај неповолните струења вибрирани од судбината. Е тогаш даваме сé од себе да го искористиме потенцијалот на мислите, смиреното однесување, надежната иднина дека сé ќе помине, сé врви и ќе не одведе до нови околности со нови идеи, правилни желби, искрени надежи и секако желби со љубов за најдоброто во утрешниот ден.

Смислата на животот не е само филозофско размислување. Тоа сме сите ние, во секакви околности, секакви услови и затоа да ја вепериме енергијата во нас, да се избориме и самите себе да се докажеме пред себеси и пред другите и да повлијаеме на позитивните околности, емотивните состојби, движечките сили, вжарената мисла, недофатливата енергија и да се втурнеме во предизвикот на животот кој многу често е нерамноправна борба, ама предизвик за доброто кое вика и повикува, помага и возвраќа со нескротливата љубов, желба и надеж, предизвик кај храбри, предизвик за самодоверба и самодокажување со самобитност на нашите секојдневни мисли за смислата на животот, со патувачка мисла за иднината, за вистинска и правилна цел на утрешниот ден. Е па побрзајте, бидете дел од нашето секојдневие, бидете дел од подоброто утре зашто сонцето изгрева и за добрите и за лошите, а подоброто утре е нашиот избор и наша најдобра одлука на материјализирана визија.

Затоа мисли, визуелизирај и материјализирај, и ќе бидеш човек.

**С. Н.**



# Поп-ап продажба на рачни изработки создадени во КПД „Идризово“





На 26 август на зелената тераса на ГТЦ имаше поп-ап продажба на производи создадени од осуденички од КПД „Идризово“. Уште во првиот час беше распродаден голем дел од изработките на жените, што е силна потврда за вредноста на нивниот труд. Иницијативата за создавање на шивачка работилница во КПД „Идризово“ започна во јануари, по идеја на дизајнерката Ирина Тошева.

Фото: Надица Манева Ангеловски

# NËSE...

Nëse ka liri a ka edhe mendim të lirë

Nëse ka drejtesi a ka drejtësi

Nëse ka ndershmëri a ka ndonjë të vërtetë

Nëse ka të vërtetë a ka dashuri

Nëse ka jetë a ka pafundësi

Nëse ka pafundësi a ka perfektësi

Nëse ka perfektësi, ato jemi ne vetë

me mendimet tona dhe shpresat

e atëhërë e jona është e gjithë bota.

S. N.

# Koha do kalojë

Është nëntor. Është vjeshtë. Ikin ditë për ditë. Po ikën kjo e mërzitshme 2020-ta. E vështirë. E mbyllur. E padashur.

Është mbasditë. Nga ndonjë rreze dielli vodhet përmes reve. Sidoqoftë që është idilik, ajo është e vëtmja vend ku mund të jem vetëm. Nga dhomat përreth dëgjoheshe muzikë. Akordet e këngës sime kumbuan papritmas ,, …shpirtrat do flasin, dikush do zbulojë se ku gabuam…”.

U ula në bankën e vjetër dhe ika me mendimet mbrapa në të kaluarën.Njoha fotogravi, moment, personazhe, biseda dhe një buzeqeshje te mallkuar infektive. E juaja. Ajo që më mungon çdo ditë e më shumë. E juaja. Kurrë sme dënove për burgosjen, përkundrazi ishe ngushëllimi dhe mbështetja ime. Ishe era ime në shpinë. Dhe të gjithë superlativat janë të paktë për tju përshkruar. Faleminderit për çdo çast, fjale, per çdo mendim, për gjithcka.Thjesht faleminderit për të gjitha planet e ardhshme, idetë dhe dëshirat. Faleminderit shumë! Koha do kalojë….

⊕

# Забавен тест за личноста(3)

Ова е интересен тест кој не ви одзема многу време затоа што не е многу комплициран за решавање. Начинот на пресметување на резултатите е следниот: имате 10 прашања. На секое имате опција да одговорите со бројки од 1 до 4, и тоа: од бројот 4 за особината која најмногу ве опишува, до бројот 1 за особината која најмалку ве опишува. Најдоле ги собирате бројките во сите четири колони.

| | Л | О | Р | Д |
|---|---|---|---|---|
| 1. | __Сакам авторитети | __Ентузијаст | __Чувствителен | __Сакам инструкции |
| 2. | __Превзема одговорност | __Превзема ризик | __Лојален | __Навремен |
| 3. | __Одлучен | __Визионер | __Смирен | __Постојан |
| 4. | __Забавен | __Комуникативен | __Сака рутина | __Предвидлив |
| 5. | __Натпреварувач | __Промотор | __Не сакам промени | __Практичен |
| 6. | __Решавач на проблеми | __Сакам популарност | __Дарежлив | __Сакам факти |
| 7. | __Продуктивен | __Љубител на забави | __Избегнувам расправии | __Сакам компромиси |
| 8. | __Храбар | __Сакам разноликост | __Сочувствителен | __Префекционист |
| 9. | __Одлучлив | __Спонтан | __Посветен | __Аналитичен |
| 10 | __Упорен | __Инспиративен | __Мироњубив | __Аналитичен |
| | **____ ВКУПНО** | **____ ВКУПНО** | **____ ВКУПНО** | **____ ВКУПНО** |

**РЕЗУЛТАТИ:**

Секоја буква (Л, О, Р, Д) дава описи на различни особини на личноста. Колоната со најмногу поени го претставува вашиот доминантен тип на личноста, додека колоната со втор најдобар резултат е потпора на првиот доминантен тип. Вие сте комбинација од сите четири типа, но првите два со најмногу поени најдобро ве опишуваат. Во продолжение ви даваме најдобар опис на природните карактеристики на секој од овие четири типа, и нивните предности и слабости.

# Л - Лав

Лавовите се лидери. Тие најчесто се шефови во работата, и барем така мислат дека се. Тие се одлучни, тие не се гледачи или слушатели туку се набљудувачи. Тие сакаат да решаваат проблеми. Тие се индивидуалисти кои не се плашат од нови авантури и можности. Имаат голема самодоверба и можат да се потпрат самите на себе. Фокусирани се само кон завршување на работата и кон резултатите. Сакаат да зборуваат и да бидат главни но не сакаат да слушаат. Под притисок превземаат акција и команда. Бараат слобода, напредок, можност да шефуваат. Слаби страни им се тоа што не учат од своите грешки, нетрпеливи се и импулсивни, бараат многу од останатите, многу брзо им здосадува од рутината.

# О - Оптимист

Оптимистот е љубител на забави, човек кој обожава да зборува. Знаат како да ги мотивираат другите. Знаат луѓе кои знаат други луѓе. Сакаат да бидат сакани и да бидат во центарот на вниманието. Сакаат добро да се носат, да бидат модерни и во тек со времето. Тие се оптимисти, добри комуникатори, страствени и емоционални. Сакаат да бидат признаени и се фокусираат на иднината. Под притисок повеќе мислат на тоа што ќе мислат другите отколку да постигнат резултати. Слабости: нереални, неорганизирани, импулсивни, многу дрдорливи, не се ориентирани кон деталите.

# Р- Ретривер

Луѓето во оваа група се ЛОЈАЛНИ. Тие се емоционално трпеливи, тимски играчи, сочувствителни, ги ставаат луѓето пред проектите, зависни од друштво, стабилни. Имаат желба за долги врски и почитување од другите. Тие се добри слушатели и даваат поддршка и љубов кон останатите. Бараат сигурност и сакаат да живеат во релаксирана и пријателска средина. Под притисок се потпираат на мислењата на другите и се премногу толерантни. Слабости: нерешителни, неиницијативни, се жртвуваат себеси поради целите на групата, пречувствителни, се плашат од промени.

# Д- Дабар

Дабарите имаат силно чувство да работат според планот и да ја завршат работата исправно. Секогаш се точни и овозможуваат контрола во групата. Имаат поставено високи стандарди и ги почитуваат правилата, и се лутат кога другите не ги разбираат. Кога се во право, сакаат да ја истераат работата до крај. Знаат да ги слушаат другите и да бидат коректни. Под притисок избегнуваат да носат тешки решенија. Слабости: премногу се строги кон себе, премногу се критични кон другите, премногу се претпазливи, премногу пребирливи и премногу чувствителни.

ИСКРАИСКРА

# МНОГУ ВИСТИНА ВО ЕДНА РЕЧЕНИЦА...

- Слобода и слободен избор,

  Затвор и ограничен избор,

  Ама секогаш слободна мисла во затворен простор.

- Биди добар и паметен, биди добар и непаметен, ама биди едноставно само човек зашто тешко да се има човек и меѓу луѓето.

- Да сакаш е едно, да посакуваш е друго, да имаш е неспоредливо најдобро - ама не секогаш.

- Нема среќа во туѓа несреќа.

- Не е доблест да го имаш тоа што го сакаш, мудрост е да го сакаш тоа што го имаш.

- Биди трпелив и победи зашто победник е секогаш трпеливиот.

- Сакај и добивај, барај и имај ама пази кого сакаш, од кого бараш и што имаш.

***Осуденички од КПД Идризово***

# ПОГОВОРКИ И АФОРИЗМИ

- Многумина се жалат на изгледот, а никој на мозокот.

- Здравје е кога секој ден те боли на различно место.

- Градски живот: Милиони луѓе, сите осамени.

- Во нејзино друштво сум како дете. Секаде сакам да пипнам.

- Никогаш немој да стоиш помеѓу дрво и куче.

- Полесно е вистината да ја ошамариш отколку да ја погледнеш во лице.

- Тој што ќе се изгори од љубов, дува и на симпатијата.

- Не им судете на жените по килограмите, за да не ви судат по сантиметрите.

- Бесмислено е да не веруваш во љубов, само затоа што една била невозвратена или неверна.

- Кој последен се смее, најбавно размислува.

- Љубов е кога те фаќам за рака, покрај таков згоден задник.

- Големите луѓе разговараат за идеи. Просечните луѓе разговараат за настани. Малите луѓе разговараат за луѓе.

- Жената никогаш не го заборава мажат кој можела да го добие, а мажот жената која не можел да ја добие.

- Квалитетите со кои жената го освојува мажот, обично се оние кои први исчезнуваат.

- Само тој што не весла има време да го ниша чамецот.

- Животот е она што се случува со тебе додека правиш други планови.

# МОТИВАЦИСКИ ГОВОРИ

1. „Најдобар начин да започнеш со нешто е да престанеш да зборуваш за тоа и да почнеш да го правиш – Walt Disney
2. „Песимистот во секоја можност гледа тешкотија. Оптимистот во секоја тешкотија гледа можност“ – Winston Churchill
3. „Немој да дозволиш она што ти се случило вчера да ти одземе многу од времето кое го имаш денес“ – Will Rogers
4. „Прашањето не е дали ќе бидеш нокаутиран, туку дали си силен да станеш после нокаутот“ – Inspirational Quote By Vince Lombardi
5. „Да знаеш дека си во право а да не реагираш е недостаток на храброст“ – Confucius
6. „Луѓето кои се доволно луди да мислат дека можат да го променат светот, најчесто се оние кои го менуваат“ – Rob Siltanen
7. „Знаењето не е доволно, мора да го практикуваме. Посакувањето не е довлно, мора да работиме на случајот“ – Johann Wolfgang Von Goethe
8. „Нашите стравови се создаваат затоа што седиме и чекаме. Стравовите се губат кога ќе превземеме акција“ – Dr. Henry Link
9. „Единствената пречка за реализацијата на нашите идеи се сомневањата дека не сме способни да ги реализираме“ - Franklin D. Roosevelt
10. „Никогаш не си доволно стар за да ги оствариш своите соништа“ – C.S. Lewis

*Почитуван читателу, „ИСКРА“ е весник наменет за лицата кои издржуваат затворска казна. Во него може да се вклучи секое осудено лице кое чувствува дека има нешто да каже, да биде слушнат не само од останатите осуденици туку и од пошироката јавност. Да каже дека постои, дека има потреба од вработување, психо-социјална поддршка, да каже дека е способен да се врати во општеството како примерен граѓанин. Во весникот се обработуваат прилози кои директно се поврзани со потребите на осудените лица и нуди насоки кои можат вистински да им помогнат во адаптацијата во затворот, но и по ослободувањето.*

*Весникот е подготвен на лесно разбирлив начин и нуди занимација во нашите затвори, и на тој начин се обидува да ја разбие монотонијата на осуденичкиот живот. Го подготвуваат вработени од секторот за ресоцијализација кои се само посредници на овој дијалог помеѓу осуденикот и општеството. Ќе ни биде особено задоволство да те вклучиме и тебе во наредниот број со твоите видувања на светот преку проза, поезија или друг вид на текст.*

*До следното читање.*